**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**бр. 02-175/5**
**Скопје,27.10.2023 година**

Записник од осумдесет и седмата седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 27.10.2023 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин Иџет Мемети Заменик претседател
г-ѓа Светлана Жупаноска член
г-дин Антонио Јолевски член
г-дин Влатко Георгиевски член
г-ѓа Јасна Жежова член
г-дин Арбер Исаку член
г.Ермон Незири член
г-ѓа Кети Петкова член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, г-ѓа Душица Димитриеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на осумдесет и седмата седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следениот дневен ред:

1 Донесување на Одлука за избор на јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Гостивар.
2 Донесување на Одлука за избор на јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Скопје.
3 Донесување на Одлука за избор на јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Струга
4 Разгледување и оценување на Годишниот извештај за работата на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција - Скопје.
5 Разгледување и оценување на Годишните извештаи за работата на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Штип.
6 Разно

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ја отвори 87-та седница на Советот и предложи дневниот ред да биде дополнет со уште една точка и тоа Усвојување на записниците од 85 (осумдесет и петата) и 86 (осумдесет и шестата) седница на Советот. Предлогот едногласно беше прифатен од страна на членовите на Советот. Вака предложениот и дополнет дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред едногласно беа усвоени записниците од 85-та и 86-та седница на Советот.

Под точката два од дневниот ред, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека Советот има објавено оглас за избор на јавни обвинители со завршена АСЈО во ОЈО Гостивар, ОЈО Скопје и ОЈО Струга. Истакна дека за јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Гостивар се имаат пријавено двајца кандидати и тоа г-ѓа Зура Селими и г-ѓа Александра Дамјаноска Николоска кои кандидати се со завршена обука во АСЈО. Воедно ги запозна членовите на Советот со кратката биографија и движењето во кариерата на кандидатите по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-дин Антонио Јолевски кој истакна дека од извршените интервјуа со кандидатите се утврди дека покажале солидно познавање на материјалното право и смета дека и двата кандидати би одговориле на задачата како јавни обвинители. Смета дека со нивниот избор би се намалил заостатокот на нерешени предмети во тоа основно јавно обвинителство.

Г-дин Ијет Мемети се сложи со дискусијата на колегата и воедно потенцираше дека се работи за кандидати со завршена АСЈО, кој е и единствен услов за да се стане јавен обвинител. Смета дека е добро тоа што со нивниот избор во ОЈО Гостивар, ова јавно обвинителство ќе биде едно од најекипираните јавни обвинителства во РСМ, и тоа е позитивно во однос на справувањето со заостанатите предмети во ова јавно обвинителство. Воедно даде поддршка за изборот на двајцата кандидати.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска зема збор и кажа дека имала можност да соработува со кандидатите како слушатели на АСЈО, и истакна дека успешно ги извршувале сите работни задачи, активно земале учество на судења и кажа дека ги поддржува при изборот за јавни обвинители.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Гостивар.

**Кандидатот Зура Селими доби 9 гласа ЗА, кандидатот Александра Дамјаноска Николоска доби 9 гласа ЗА.**

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Зура Селими и Александра Дамјаноска Николоска за јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Гостивар. Функцијата јавен обвинител ќе ја извршуваат од 01.11.2023 година.**

Се помина на точката три од дневниот ред избор на јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Скопје. Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа за избор на јавен обвинител во ОЈО Скопје се имаат пријавено двајца кандидати и тоа Игор Димитровски кандидат со завршена АСЈО и кандидатот Зоран Маркоски. Претседателот на Советот ги запозна членовите на Советот со кратката биографија и двожењето на кариерата на кандидатите и воедно за кандидатот Зоран Марковски кажа дека веќе е јавен обвинител во ОЈО Куманово од 2010 година, дека има завршено обука за судии и јавни обвинители од втората генерација на АСЈО, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Член на Советот осврна на кандидатот Игор Димитровски, кој на спроведеното интервју оставил солиден впечаток од познавањето на процедурите на материјалното право. Кажа дека своето практично искуство го има стекнато како стручен соработник во кривичниот суд, ја поминал обуката за судии и јавни обвинители и смета дека со успех може да ја иврщува јавно обвинителската функција. Воедно потенцирање дека обврска на Советот е да се распоредат кандидатите со завршена АСЈО како јавни обвинители. По однос на кандидатот Зоран Маркоски кажа дека станува збор за веќе докажан и солиден јавен обвинител кој што ги исполнува условите и за повисоките јавни обвинителства, и смета дека во овој момент сеуште е потребен како јавен обвинител во ОЈО Куманово.

Г-дин Арбер Исаку се согласи со колегата, кажа дека заедно го вршеле интерјуто со кандидатите и за кандидатот Игор Димитровски кажа дека има одлучно познавање како на процесното така и на материјалното право, а со оглед дека Советот има обврска да ги избере кандидатите со завршена обука за јавни обвинители својот глас го дава за кандидатот Игор Димитровски. Во однос на кандидатот Зоран Маркоски кажа дека станува збор за солиден јавен обвинител но поради погоре веќе кажаното ќе биде воздржан за овој кандидат.

Член на Советот кажа дека Советот има обврска да ги распореди кандидатите со завршена обука за судии и јавни обвинители по основните јавни обвинителства и да се даде приоритет на тие кандидати. По однос на кандидатот Зоран Маркоски смета дека е потребен како јавен обвинител во ОЈО Куманово, а истиот ги исполнува условите со оглед на неговото искуство и стаж да напредува во кариерата во повисоките јавни обвинителства.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавен обвинители во Основното јавно обвинителство Скопје.

**Кандидатот Игор Димитровски доби 9 гласа ЗА, кандидатот Зоран Маркоски доби 1 глас ЗА, три гласа ПРОТИВ и пет ВОЗДРЖАНИ.**

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Игор Димитровски за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје. Функцијата јавен обвинител ќе ја извршува од 01.11.2023 година.**

Под точка четири од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека на огласот за избор на јавен обвинител во ОЈО Струга се има пријавено еден кандидат и тоа кандидатот Валнеса Бизати Билали. Воедно ги запозна членовите на Советот со кратката биографија и движењето во кариерата на кандидатот по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-дин Антонио Јолевски кажа дека со оглед на месечните извештаи од ова јавно обвинителство има доста заостанати предмети и смета дека со приливот на млад кадар состојбите би се подобриле. Воедно кажа дека на спроведеното интерју кандидатот има оставено одличен впечаток, кажа дека станува збор за солиден кандидат и кажа дека ќе ја подржи при изборот за јавен обвинител во ОЈО Струга.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавен обвинители во Основното јавно обвинителство Струга.

**Кандидатот Валнеса Бизати Билали доби 9 гласа ЗА**

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Валнеса Бизати Билали за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струга. Функцијата јавен обвинител ќе ја извршува од 01.11.2023 година.**

Под точка пет од дневниот ред, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска му даде збор на Основниот јавен обвинител на ОЈО ГОКК – Скопје г-дин Ислам Абази.

Јавниот обвинител на ОЈО ГОКК - Скопје, г-дин Ислам Абази во своето излагање ги запозна членовите на Советот со содржината на Годишниот извештај на ОЈО ГОКК - Скопје за 2022 година, како и за извештајот на Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција. Кажа дека Годишниот извештај претходно бил доставен до Советот на јавните обвинители на РСМ, како и на секој член од Советот на запознавање и разгледување, по што го образложи истиот и ги запозна членовите на Советот со вкупниот број на предмети и видот на кривичните дела за извештајната 2022 година, по кои постапувало ова јавно обвинителство. Воедно истакна дека јавните обвинители во ова јавно обвинителство за извештајната 2022 година постапувале професионално и стручно.

Откако ЈО на ОЈО ГОКК - Скопје г-дин Ислам Абази заврши со излагањето на Годишниот извештај за ОЈО ГОКК – Скопје, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска му се заблагодари за опсежното излагање на годишниот извештај и воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Член на Советот истакна дека од извештајот се добива реална слика за состојбите во ова јавно обвинителство по однос на предметите, за кадровската состојба, и финансиската состојба. Воедно постави прашања во однос на бројката на отфрлените кривични пријави, за што смета дека е голема и запраша за причините.

ЈО на ОЈО ГОКК - Скопје г-дин Ислам Абази кажа дека како подносители на кривичните пријави се многу физички лица кои се чувствуваат за оштетени, а било утврдено дека нема дело и основ за поведување на кривична постапка.

Член на Советот постави прашање и во однос на бројката на склучени предлог спогодби каде кажа дека нема податок во однос на санкциите за што смета дека би требало да стои во извештајот. Воедно даде пофалба во делот за примената на мерката конфискација и замрзнување на имот со доста големи суми. Смета дека овој тренд треба и во иднина да продолжи.

ЈО на ОЈО ГОКК - Скопје г-дин Ислам Абази кажа дека поголемиот дел се ефективни казни затвор и дека истите биле прифатени од страна на судот. Во однос на конфискацијата кажа дека се следи трендот како се применува во европските држави, дека јавните обвинители одат на обуки за стекнување на нови знаење за примена на овој институт.

Г-дин Ицет Мемети кажа дека извештајот е доста обемен и квалитетно изработен особено во делот на податоците. Кажа дека извештајот дава јасна слика за состојбите во ова јавно обвинителство. Воедно се задржа во однос на приливот на предмети заведени во уписникот КО, кажа дека има разлика од 2021 до 2022 година, но истакна дека она што отскокнува тоа е Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција, каде има забелешка дека се отфрлени доста пријави.. Воедно се осврна на измените на ЗКП и на ЗЈО, кои имаа за цел казнување за посериозните кривични дела извршени со полициското постапување надвор од законските предвидени овластувања кое било укажано и од Судот за човекови права. Постави прашање дали се раграничуваат кривичните дела кои се поднесуваат против униформираните припадници на полицијата кои сториле сериозни прекршувања при своите овластувања. Второ се осврна на подносителите на кривични пријави од страна на институции посочувајќи ја ДКСК. Кажа дека ДКСК е орган кој треба да проновира и спречува, а не да истражува. Смета дека ОЈО ГОКК треба да има став во поглед на овој вид на кривични пријави кои можат да му наштетат на ова јавно обвинителство. Воедно го подржи извештајот и кажа дека ќе гласа за усвојување на истиот.

ЈО на ОЈО ГОКК - Скопје г-дин Ислам Абази кажа дека неколку пати било укажано на претседателот на ДКСК дека единствен орган кој гони по кривични дела е ЈОРСМ и

за тоа било склучен меморандум за соработка помеѓу ЈОРСМ и ДКСК, но дека истиот не бил почитуван од страна на ДКСК.

Г-дин Антонио Јолевски го пофали извештајот, кажа дека содржи конкретни податоци, дека дава комплетна слика за работата на ова јавно обвинителство. Истакна дека некои податоци и за прв пат биле презентирани во годишниот извештај и кажа дека тоа е за пофалба. Воедно даде забелешки во однос на бројката на поднесените пријави заведени во уписниците. Исто така се осврна и на бројот на примени кривични пријави во Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција. Исто така укажа и на злоупотребите да даде поттик да се забрзаат тие предмети за да се најде разврска по истите.

ЈО на ОЈО ГОКК - Скопје г-дин Ислам Абази даде образложение како новопримените предмети биле заведувани во уписниците и дека истите се водат по лица. Во однос на предметите за злоупотреба кажа дека пристап до тие предмети, но сега оттако ја извршува функцијата ОЈО на ОЈО ГОКК ги побарал предметите на увид со што сега има јасна слика за бројката на тие предмети и кажа дека ситуацијата со овие предмети во иднина ќе биде подобрена.

Г-ѓа Светлана Жупаноска кажа дека извештајот е за пофалба, дека истиот е обемен, сеопфатен и ги содржи сите потребни податоци што треба да ги содржи еден ваков извештај, со исклучок на една забелешка. Имено, недостасува како податок бројот на решени стари предмети во извештајниот период, се мисли на предмети од 2021 година.

ЈО на ОЈО ГОКК - Скопје г-дин Ислам Абази одговори дека вакви податоци не се содржани во овој извештај, но дека ќе се потруди за следниот Годишен извештај за 2023 година, да бидат внесени како податок.

Член на Советот го подржа Годишниот извештај од причина што дава реална слика за состојбите во ОЈО ГОКК и дека истиот дава надеж и поттик за подобрување на состојбите во ова јавно обвинителство и го радува фактот што се воведува нова методологија на изготвување на извештајот.

Г-дин Арбер Исаку кажа дека го дели мислењето со предходните дискутанти, кажа дека овој извештај за разлика од претходнхите е доста содржаен, посебно во делот на РО предметите. Кажа дека јавните обвинители во ова јавно обвинителство успешно се справувале со бројот на примени предмети и кривичнта материја. Постави прашање во врска со уписникот РО во делот на зголемениот бројот на предмети период од 2017-2023 година.

ЈО на ОЈО ГОКК - Скопје г-дин Ислам Абази кажа дека ЈОРСМ спрема задолжително упатство во поглед на заведувањето на предметите по уписници и смета дека со ова ќе биде решен проблемот со заведувањето на предметите.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека извештајот на ОЈО ГОКК -Скопје го оценува позитивно, каже дека истиот дава пресек на целовкупната работа на ова јавно обвинителство. Кажа дека се опфатени сите податоци за поостигнувањето на јавните обвинители за сите дејствија што ги имаат превземено во 2022 година. Позитивно го оцени и воведувањето на книгата за дневни настани за што смета дека е битна работа, како и во однос на користењето на институтот конфискација. Воедно кажа дека ќе гласа за узвојување на истиот.

Откако никој не се јави за дискусија ЈО на ОЈО ГОКК – Скопје г-дин Ислам Абази ја напушти седницата, по што членовите на Советот гласаа за усвојување на Годишниот извештај на ОЈО ГОКК - Скопје за 2022 година..

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ согласно член 9 алинеа 13 од Законот за Советот, го разгледа и позитивно го оцени Годишниот извештај на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје за 2022 година.**

Под точката шест од дневниот ред, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска му даде збор на Вишиот јавен обвинител на ВЈО Штип г-дин Ристо Бојаџиски.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Штип, г-дин Ристо Бојаџиски во своето излагање ги запозна членовите на Советот со содржината на Годишниот извештај на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Штип, и тоа со извештаите на ОЈО Штип, ОЈО Радовиш, ОЈО Берово, ОЈО Делчево, ОЈО Кочани, ОЈО Свети Николе и ОЈО Струмица како и со Годишниот извештај на ВЈО Штип за 2022 година. Кажа дека Годишниот извештај бил доставен до Советот на јавните обвинители на РСМ, на секој член од Советот на запознавање и разгледување, по што го образложи истиот и ги запозна членовите на Советот со состојбите во јавните обвинителства од ова апелациуоно подрачје, со какви проблеми се соочуваат јавните обвинителства, со бројките на примени и сработени и заостанати предмети во 2022 година, сето тоа искажано во бројки и проценти. Воедно истакна дека јавните обвинители во основните јавни обвинителства од подрачјето на ВЈО Штип како и јавните обвинители во ВЈО Штип за извештајната 2022 година постапувале професионално и стручно.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска му се заблагодари на Вишиот јавен обвинител на ВЈО Штип за опсежното излагање на годишниот извештај аа ВЈО Штип, како и за основните јавни обвинителства од ова подрачје, по што му даде збор на координаторот на ова подрачје г-дин Ермон Незири.

Член на Советот кажа Годишниот извештај на ВЈО Штип ќе го подржи, истакнувајќи дека истот има хронологија во смисла на конкретни кривични пријави, дека истиот е добро изготвен по однос на ажурноста во работењето на јаните обвинители. Воедно кажа дека го радува фактот што сто процентно се решени кривичните пријави по број на предмети, но воедно кажа дека проблем има во недостаток на јавно обвинителски кадар и покрај двајца новоизбрани јавни обвинители, но смета дека во иднина и овој проблем ќе биде решен. Даде забелешка во поглкед на малиот број на склучени спогодби и воедно дава поттик овој институт повеќе да се применува, а во однос на стручната служба, финансиите кажа се што е во можност на Советот ќе излезе во пресрет.

Збор зема заменик претседателот на Советот г-дин Иџет Мемети потенцираше дека станува збор за исклучително добар и прегледен извештај. Истакна дека ефикасноста во работењето е одлична што е видно од искажаните бројки. Во поглед на приливот на пријави кажа дека забележлив е трендот на намалување на истите и запраша на што се должи таквата ситуација. Даде сугестија по однос на приливот на предмети, сработените предмети и тежината на предметите, кажа дека во извештајот тоа не е прикажано. Постави прашање и во поглед на бројот на сторители на кривични дела во ОЈО Берово, каде има скоро 60% помалку и предходната извештајна година, па постави прашање на што се должи толку драстичната разлика во однос на извештајната 2021 година.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Штип, г-дин Ристо Бојаџиски даде објаснување за намалениот број на кривични пријави во ОЈО Берово и воедно кажа дека станува збор за подрачје каде луѓето се иселуваат, па од тие причини и бројката е значително намалена. Во поглед на уписниците кажа дека Годишните извештаи се работат само врз основа на упиусниците КО, а во ВЈО се води уписник РО и воедно даде објаснување се што се заведува во овие уписници.

Г-дин Антонио Јолевски истакна дека Годишниот извештај ги содржи сите податоци, дека формата и содржината на извештајот се добро сработени. Се осврна на бројката намалени примени предмети, но го загрижува податокот на остатокот на нерешени предмети што укажува на несовладување на приливот на предметите. Постави прашање каде е проблемот и во кои основни јавни обвинителства. Даде забелешка и во однос на казнените налози каде нема приговор на ниту еден казнен налог. Во однос на предлог спогодбите кажа дека има само во ОЈО Кочани, запраша зошто не се склучуваат и во другите јавни обвинителства, во делот на одбивателни и

ослободителни пресуди во ОЈО Штип и ОЈО Струмица, смета дека процентот на условни пресуди е превисок.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Штип, г-дин Ристо Бојаџиски даде појаснување и образложеноие зошто такви се бројките и процентите во поглед на пресудите, обвинителните акти, казнените налози како и приливот на предмети и нерешени предмети за што кажа дека се должи и на недостатокот на бројот на јавни обвинители.

Член на Советот кажа дека од изнесените податоци во Годишниот извештај видно е дека станува збор за најажурно подрачје во РСМ. Истакна дека извештајот е детален и прегледен со дадени анализи каде што има појава на некои отстапување, кажа дека има единствена примена на чл.275 од ЗКП на ова подрачје. Во делот на конфискацијата кажа декасе применува на ова подрачје единствено со ОЈО ГОКК, а по однос на нерешени предмети кај други органи кажа дека се јавува само во ОЈО Кочани. Воедно кажа дека ќе гласа за усвојување на Годишниот извештај.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска, Годишниот извештај на ВЈО Штип го оцени позитивно, кажа дека истиот е сеопфатен, прегледен дека дава јасна слика за целокупното работење на ВЈО Штип, како и за Основните јавни обвинителства од ова подрачје.

Откако никој не се јави за дискусија Вишиот јавен обвинител на ВЈО Штип гдин Ристо Бојаџиски ја напушти седницата, по што членовите на Советот гласаа за усвојување на Годишниот извештај на ВЈО Штип и на Основните јавни обвинителства од подрачјето на ВЈО Штип за 2022 година.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ согласно член 9 алинеа 13 од Законот за Советот, ги разгледа и позитивно ги оцени Годишните извештаи на ВЈО Штип, ОЈО Штип, ОЈО Радовиш, ОЈО Берово, ОЈО Делчево, ОЈО Кочани, ОЈО Свети Николе и ОЈО Струмица за 2022 година.**

Под точка разно Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска даде предлог да се формираат две комисии кои ќе ги извршат интервјуата со кандидатите за јавни обвинители, пријавени на огласот од 02.10.2023 година. Воедно предложи едната комисија да ја сочинуваат г-ѓа Кети Петкова, г-ѓа Светлана Жупаноска и г-дин Ермон Незири, а втората комисија да ја сочинуваат г-дин Ицет Мемети, г-дин Антонио Јолевски и г-дин Влатко Георгиевски.

Предлогот на Претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Откако никој не зема збор Претседателот на Советот ја заклучи осумдесет и седмата седница на Советот.

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
Генерален Секретар

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Душица Димитриеска**